# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 5 | КОЧАНИ, 22 Април 2024 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 22.04.2024 година

I.

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 22.04.2024 година, и тоа:

1.Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година, 09-794/1

2.Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт 6 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани, 09-795/1

3.Одлука за вршење на техничка исправка на детален урбанистички план за ГП А56.15, односно КП 12906 и ГП А56.16, односно КП 12906, КО Кочани, од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), 09-796/1

4.Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б376.17, (КП 14436 и КП 16816/2, КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) , 09-797/1

5.Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за периодот прв квартал 2024 година, 09-793/1

Бр.08-798/1
22.04.2024 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија." бр.5/2002) и член 23, став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2004, 96/2004, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19,53/21,77/21,150/21 и 173/22 ) ,член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РСМ" бр.203/2022 и 59/2023 ,член 93 став 1 и 2 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија"бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 ,14/20,215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Сл.весник на РСМ" бр. 51/20 и 172/21),Колективниот договор на општина Кочани од 2022година и Статутот на Општина Кочани, Советот на Општина Кочани на 45-тата седница одржана на 22 .04. 2024 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година бр.09-2306/1 од 27.12.2023 година, во член 10 став 1 коефициентот „3,20" се заменува со „2,79".

Член 13 се менува и гласи:
(1) Во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од две просечни плати согласно Законот за извршување на буџет.
(2) На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца и децата земени на издржување) му се исплаќа парична помош во висина од една просечна плата.
(3) Надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.08-794/1
22.04.2024 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Службен весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а согласно член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/20 и 111/23), Советот на Општина Кочани , на седницата одржана на 22.04.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт 6 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани

Член 1
Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за градска четврт 6 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани, плански период 2017-2024г., со Тех.бр.0801-465/17 од Март 2024г., изработен од ДТУ Билд Урбан ДООЕЛ Скопје.

Член 2
Границата на планскиот опфат е дадена во графичкиот прилог, и претставена описно:
од север: по граница на ГУП на Град Кочани;
од исток: по осовина на регулирано речно корито на Кочанска Река;
од југ: по осовина на ул. „Стево Теодосиевски “;
од запад: по осовина на ул. „Страшо Ербапче“;

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 124,80 ха.

Член 3
Со планот се утврдени следните класи на намени:
А – Домување;
Б – Комерцијални и деловни намени;
В – Јавни институции;
Г – Производство, дистрибуција и сервиси;
Д – Зеленило и рекреација;
Е – Инфрастуктура.

Член 4
Урбанистичкиот план од член 1 на оваа одлука содржи:
- Документациона основа - текстуален и графички дел;
- Планска документација - текстуален и графички дел.

Член 5
Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.08-795/1
22.04.2024 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.32/20 и 111/23), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 22.04.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за вршење на техничка исправка на детален урбанистички план за ГП А56.15, односно КП 12906 и ГП А56.16, односно КП 12906, КО Кочани, од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.)

Член 1
Со оваа Одлука се врши техничка исправка на детален урбанистички план за ГП А56.15, односно КП 12906 и ГП А56.16, односно КП 12906, КО Кочани, од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), изработена од ДТУ Билд Урбан ДООЕЛ Скопје, по добиеното позитивно мислење бр. 22-539/2 од 29.02.2024г. од Комисија за урбанизам, формирана со Решение бр. 22-1885/2 од 05.10.2021 година од градоначалникот на Општина Кочани.
Предмет на техничката исправка се промена на нумеричките показатели за ГП А56.15 и ГП А56.16, во табелите со геометриските

вредоности од графичкиот прилог од Планската документација во Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) и промена на нумерирањето на градежните парцели во Блок А56, во графичкиот прилог од Планската документација во Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), односно:

- Во табеларниот приказ со нумерички показатели од Планска документација на Измена и дополнување на Детален Урбанистички план на град Кочани, (донесен со Одлука бр. 07-138/18 од 16.07.1998 год.), „Детален лист 30", во табелата за „БРОЈ БЛОК А56", во податоците за ГП А 56.15, 14 ред, колона 4 - (површина на ГП), бројот "168" се заменува со бројот "242", колона 5 - (изграденост м$^2$), бројот „72" се замнува со бројот „71" и колона 6 - (изграденост %) бројот „43" се заменува со бројот „29" " и колона 7 – (к), бројот „0,9" се заменува со бројот „0,6".
- Во табеларниот приказ со нумерички показатели од Планска документација на Измена и дополнување на Детален Урбанистички план на град Кочани, (донесен со Одлука бр. 07-138/18 од 16.07.1998 год.), „Детален лист 30", во табелата за „БРОЈ БЛОК А56", во податоците за ГП А 56.16, 15 ред, колона 4 - (површина на ГП), бројот „270" се заменува со бројот „255", колона 5 - (изграденост м$^2$), бројот „130" се замнува со бројот „148" и колона 6 - (изграденост %) бројот „49" се заменува со бројот „58" " и колона 7 – (к), бројот „1,0" се заменува со бројот „1,2".
- Во графичкиот прилог од Планска документација на Измена и дополнување на Детален Урбанистички план на град Кочани, (донесен со Одлука бр. 07-138/18 од 16.07.1998 год.), „Детален лист 27" и „Детален лист 30", во делот на Блок А 56, дел од градежните парцели се погрешно нумерирани. Имено, во графички приказ за Блок А 56, нумерацијата на ГП А 50.3, бројот „50.3" се заменува со бројот „56.3", нумерацијата на ГП А 50.4, бројот „50.4" се заменува со бројот „56.4", нумерацијата на ГП А 50.5, бројот „50.5" се заменува со бројот „56.5", нумерацијата на ГП А 50.6, бројот „50.6" се заменува со бројот „56.6", нумерацијата на ГП А 50.7, бројот „50.7" се заменува со бројот „56.7", нумерацијата на ГП А 50.8, бројот „50.8" се заменува со бројот „56.8", нумерацијата на ГП А 50.9, бројот „50.9" се заменува со бројот „56.9", нумерацијата на ГП А 50.10, бројот „50.10" се заменува со бројот „56.10", нумерацијата на ГП А 50.11, бројот "50.11" се заменува со бројот „56.11", нумерацијата на ГП А 50.12, бројот „50.12" се заменува со бројот „56.12", нумерацијата на ГП А 50.13, бројот „50.13" се заменува со бројот „56.13", нумерацијата на ГП А 50.14, бројот „50.14" се заменува со бројот „56.14", нумерацијата на ГП А 50.15, бројот „50.15" се заменува со бројот „56.15", нумерацијата на ГП А 50.16, бројот „50.16" се заменува со бројот „56.16", нумерацијата на ГП А 50.17, бројот „50.17" се заменува со бројот „56.17", нумерацијата на ГП А 50.18, бројот „50.18" се заменува со бројот „56.18", нумерацијата на ГП А 50.19, бројот "50.19" се заменува со бројот „56.19", нумерацијата на ГП А 50.20, бројот „50.20" се заменува со бројот „56.20", нумерацијата на ГП А 50.21, бројот „50.21" се заменува со бројот „56.21", нумерацијата на ГП А 50.22, бројот „50.22" се заменува со бројот „56.22", нумерацијата на ГП А 50.23, бројот „50.23" се заменува со бројот „56.23", нумерацијата на ГП А 50.24, бројот „50.24" се заменува со бројот „56.24".

Член 2

Техничка исправка на детален урбанистички план за ГП А56.15, односно КП 12906 и ГП А56.16, односно КП 12906, КО Кочани, од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) со технички бр.0302-66/24 од февруари 2024 г. изработена од ДТУ Билд Урбан ДООЕЛ Скопје, е составен дел

на Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани”

Бр.08-796/1
22.04.2024 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, бр.32/20 и 111/23), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 22.04.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б37б.17, (КП 14436 и КП 16816/2, КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.)

Член 1

Со оваа Одлука се врши техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б37б.17, (КП 14436 и КП 16816/2, КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) со технички бр.32/24-У од април 2024 г. изработена од ДПРН ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, по добиеното позитивно мислење бр. 22-725/2 од 09.04.2024г. од Комисија за урбанизам, формирана со Решение бр. 22-1885/2 од 05.10.2021 година од градоначалникот на Општина Кочани.

Предмет на техничката исправка е промена на нумеричките показатели за ГП Б37 б.17, во табелите со геометриски вредности од графичкиот прилог од планската документација Измена и дополнување на Детален урбанистички на град Кочани ( донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), односно:

- Во табеларниот приказ со нумеричи показатели од Планска документација на Измена и дополнување на Детален урбанистички план на град Кочани (Донесен со Одлука бр. бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), „ Детален лист 33“ , во табелата за „БРОЈ БЛОК Б37б“, во податоците за ГП 17, ред 11, колона 4 - (ПОВРШИНА НА ГП), бројот „704“ се заменува со бројот „599“, колона 6-( ИЗГРАДЕНОСТ %) бројот „26 “ се заменува со бројот „30 “, и колона 7 – ( К) бројот „0,5 “ се заменува со бројот „0,6 “.

Член 2

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б37б.17, (КП 14436 и КП 16816/2, КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) со технички бр.32/24-У од април 2024 г. изработена од ДПРН ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, е составен дел на Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани”

Бр.08-797/1
22.04.2024 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 22.04.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за периодот прв квартал 2024 година

I

Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за периодот прв квартал 2024 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.08-793/1
22.04.2024 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

# СОДРЖИНА

1.Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година, 09-794/1

Стр.2

2.Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт 6 од ГУП за град Кочани, Општина Кочани, 09-795/1

Стр.2

3.Одлука за вршење на техничка исправка на детален урбанистички план за ГП А56.15, односно КП 12906 и ГП А56.16, односно КП 12906, КО Кочани, од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), 09-796/1

Стр.3

4.Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП Б376.17, (КП 14436 и КП 16816/2, КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) , 09-797/1

Стр.5

5.Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за периодот прв квартал 2024 година, 09-793/1

Стр.6